Врз основа на член 58 став (1) од Законот за заштита на населението од заразни болести („Службен весник на Репбулика Македонија“ бр. 66/04, 139/08, 99/09, 149/14, 150/15 и 37/16), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 19 март 2020 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за изменување и дополнување на Одлуката**
**за мерки за спречување на внесување и ширење на Коронавирус COVID-19**

**Член 1**

Во Одлуката за мерки за спречување на внесување и ширење на Коронавирусот COVID-19 („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 62/20, 63/20, 64/20 и 66/20), во членот 1 по точката 23. се додаваат три нови точки 24., 25. и 26. кои гласат:

„ 24. Се забранува одржување на наставата и спроведувањето на обуките и испитите во испитните центри од страна на школите за обука за возачи.

25. Се забранува пристап на лица и возила во Парк шума „Водно“, секој ден, во период од 18.00 часот до 6:00 часот наредниот ден.

26. Се забранува собирање во група на повеќе од пет лица, во паркови и на други јавни места и јавни површини.

**Член 2**

Во членот 2, во став 1 „ точката “ на крајот од реченицата се заменува со „ запирка“ и се додаваат зборовите:

„како и мерката број 24., која ќе се применува 14 дена од денот на влегувањето во сила на оваа одлука.

**Член 3**

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

**Број 44-2147/5**
**19 март 2020 година**
**С к о п ј е**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ НА ВЛАДАТА НА**
**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

**Оливер Спасовски**